**ПРАШАЊА ЗА ТЕСТ – ЕТИКА, ДЕЛОВНА КУЛТУРА И ДЕОНТОЛОГИЈА**

1. Што претставува извор и основа на поимот етика кој потекнува од грчкиот збор етхос и значи обичај, карактер ?

2. Преку оценување на што деонтолошката етика го определува она што е етичко од она што не е ?

3. Од што може да се тврди угледот во вршење на јавнообвинителската функција?:

4. Преку определување на што етичките кодекси овозможуваат да се постават правила на етичко однесување на судиите и јавните обвинители ?

5. Со што се определиени основните етичките принципи (начела) на јавно обвинителската етика ?

6. Какви се начелата содржани во Кодексот на јавните обвинители во однос на начелата содржани во Кодексот на судиската етика?

7. Како е дефиниран принципот Законитост според Кодексот на јавнообвинителската етика ?

8. Што претставува грубото повредување на нормите на Кодексот на јавните обвинители со што се нарушува угледот на функцијата јавен обвинител според Законот за јавното обвинителство ?

9. Што претставува недостојното однесување на јавниот обвинител кон поединци, државни органи или други правни лица во врска со извршувањето на функцијата или надвор од неа според Законот за јавното обвинителство ?

10. Која е целта на донесување на Кодексот на јавнообвинителска етика, според тој Кодекс?

11. Дали повисоко јавно обвинителство, според Законот за јавното обвинителство, може да врши надзор над работата и постапувањето по определени предмети на пониските обвинителства заради утврдување на грубо повредување на нормите на Кодексот на јавните обвинители ?

12. Како е дефиниран принципот на чесност и неподмитливост според Кодексот на јавните обвинители на РМ?

13. Што значи принципот на професионалност според Кодексот на јавните обвинители на РМ?

14. Каков треба да биде односот на јавниот обвинител со обвинетиот, според Кодексот на јавните обвинители на РМ?

15. Што претставува етичката дилема?

16. Од колку елементи се состои секоја етичка дилема ?

17. Што претставуваат вредностите ?

18. Во колку чекори се спроведува филозофската стратегијата за решавање етички дилеми ?